**Час/лекција 4**

**Кампања за нашите нови училишни правила**

**Евалуација на новите правила и нивно презентирање**

| | |
|---|---|
| **Цели на учењето** | Учениците ја разбираат важноста на критериумите за добри закони. Учат како да направат кампања за новите правила. |
| **Задачи на учениците** | Учениците собираат различни критериуми за создавањена добри правила. Ги тестираат новите правила според овие критериуми. Го прават конечниот договор и го потпишуваат. Го презентираат пред другите одделенија во училиштето. |
| **Ресурси** | Flipchart, материјали за учениците, пенкала, копии од договорот за другите одделенија, резултати од активноста Бура на идеи од првиот час. |
| **Методи** | Работа во парови, пленарна дискусија, презентација пред другите одделенија. |

**Опис на часот**

Наставникот ги презентира резултатите од активноста „Бура на идеи” од првиот час (критериуми за правила). Учениците добиваат задача да ги тестираат новите училишни правила според овие критериуми. Учениците работат во парови и ги пополнуваат материјалите за ученици кои се наменети за нив.

Учениците се враќаат на пленарната дискусија и ги презентираат резултатите од својата анализа. Дали има големи промени во училишните правила? Ако има, и овие промени треба да бидат ставени во договорот.

Се прават копии од новите училишни правила за да се презентираат пред другите одделенија.

Наставникот ги дели учениците во групи од по четворица. Групите треба да одат во различни одделенија и да ги презентираат новите училишни правила.

Многу е важно на почетокот да се објасни целиот процес. Што треба да прават учениците во другите одделенија? Дали тие треба да ги евалуираат новите училишни правила? Што понатаму?

Групите ги презентираат новите училишни правила, со тоа што ќе ги наведат причините зошто се променети старите правила. Потоа одат во другите одделенија и презентираат.

По презентациите, се прави краток разговор на пленарна сесија.